ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 19 ДАТА 28.07.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 19 ДАТА 28.07.2017 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 27.07.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПОБЕДА АД„ Прилеп: Асани Ф. Јасир од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/3.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Качар Р. Ервин од ФК „Нови Пазар„ од Нови Пазар, Република Србија за ФК „Победа АД„ од Прилеп по член 35/11 поради некомплетна документација.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 27.07.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТУДЕНА ВОДА„ с. Доброшане: Томиславски Кристијан, Благоевски Ангелчо и Томески Мартин од ФК „Карпош 93„ Куманово, по член 35/10.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 27.07.2017 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КФГ ГОСТИВАР АД„ Гостивар: Чолакај Л. Редон од Косово, по член 35/11. Напомена: Фудбалерот е регистриран согласно пропозициите на млади категории на ФФМ до навршување на возраст од 16 години.

Гроздановски В. Христијан од ФК „Новаци 2005„ с. Новаци и Велковски Н. Славчо од ФК „Брегалница 2008 АД„ Штип, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар фудбалерите: Зендели М. Риза од ФК „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар и Мемеди М. Абаз од ФК „Вардар„ од с. Форино, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Дополнвуање на докуменхтација од**

**Седница од 22.07.2017 година**

- **Регистрција на фудбалери:**

ФК „СТРУГА ТРИМ ЛУМ„ Струга: Главевски М.Благојче од ФК „Дрита„ од Гњилање, Косово, по член 35/11.

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр 0202-1445/4
25.07.2017 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 25.07.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се врши измена на член 27 од Правилникот за натпреварување на ФФМ,
   - став 1: по зборот „Прва" се брише „косата црта и зборот Втора"
   и истиот гласи:

„Клубовите кои со своите сениорски екипи учествуваат во натпреварувањето во Прва МФЛ задолжително формираат екипи во 4 (четири) млади категории со кои се вклучуваат во натпреварувањето за млади категории согласно Пропозициите за натпреварување во млади категории."

- се додава нов став 2 кој гласи:

„Клубовите кои со своите сениорски екипи учествуваат во натпреварувањето во Втора МФЛ задолжително формираат најмалку 2 (две) екипи во млади категории со кои се вклучуваат во натпреварувањето за млади категории согласно Пропозициите за натпреварување во млади категории."

2. Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од 01.08.2017 година.
3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 25 .07.2017 година, го разгледа предлогот за измена и дополнување на член 27 од Правилникот за натпреварување на ФФМ.

Предлогот за измена и дополнување следи по утврдување на новиот систем на натпревари согласно кој натпреварувањето во Втора МФЛ ќе се одвива во две лиги Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад. Од тие причини на клубовите со сениорски екипи во една од двете Втори лиги им е овозможено да определат со колку екипи ќе се натпреваруваат во млади категории и при тоа се определува дека тој број не може да биде помал од две екипи во постоечките предвидени категории не земајќи ја во предвид категоријата петлиња.

По разгледување на предлогот, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1445/4

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1445/5
25.07.2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, а вв со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 25.07.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Третите лиги за натпреварувачката 2017/2018 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и Пропозицииите за натпреварување во Третите лиги за натпреварувачката 2017/2018 година да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 25 .07.2017 година, имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2017/2018 година, ги разгледа Пропозициите за натпреварување во Третите лиги по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
**Илчо Ѓорѓиоски**

Деловоден број 0202-1445/5

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1445/6
25.07.2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, а вв со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 25.07.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2017/2018 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2017/2018 година да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 25.07.2017 година, имајќи го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2017/2018 година, ги разгледа Пропозициите за натпреварување во млади категории по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1445/6

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1445/7
25.07.2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, а вв со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 25.07.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за куп натпреварување во женски фудбал за натпреварувачката 2017/2018 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и Пропозициите за куп натпреварување во женски фудбал за натпреварувачката 2017/2018 година да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 25.07.2017 година, имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2017/2018 година, ги разгледа пропозициите за куп натпреварување во женски фудбал по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1445/7

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1445/8
25.07.2017 год.

Врз основа на член 109 став 1 алинеа 3 од Статутот на ФФМ, а вв со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 25.07.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Првата женска фудбалска лига за натпреварувачката 2017/2018 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката и Пропозициите за натпреварување во Првата женска фудбалска лига за натпреварувачката 2017/2018 година да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 25.07.2017 година, имајќи го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2017/2018 година, ги разгледа пропозициите за натпреварување во Првата женска фудбалска лига по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1445/8

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1445/9
25. 07. 2017 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 25.07.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојуваат извештаите за работата на постојаните комисии и одбори на Управнот одбор за пролетниот дел од натпреварувачка сезона 2016/2017 година.

2. Се утврдуваат извештаите на правните органи на Фудбалската Федерација на Македонија за пролетниот дел од натпреварувачка сезона 2016/2017 година.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 25 .07.2017 година, ги разгледа извештаите доставени од страна на постојаните комисии на Фудбалската Федерација на Македонија, како и извештаите од правните органи на Фудбалската Федерација на Македонија, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1445/9

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1445/10
25.07 2017 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 25.07.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се потврдуваат листите на судии и контролори за натпреварувачка 2017/2018 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и листите од точка 1 на оваа одлука да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 25 .07.2017 година, ги разгледа листите на судии и контролори за натпреварувачка 2017/2018 година усвоени од Судискиот одбор на ФФМ , по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1445/10

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1445/11
25.07.201_ год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 25.07.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се назначува Илајми Исејни со УЕФА А лиценца за тренер на млади национални селекции.
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.
3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 25.07.2017 година го разгледа предлогот од Сектор Фудбал, за утврдената потреба за тренер за работа со младите национални селекции, по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1445/11

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**